**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр. 11-378**
**27.12 2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 143 став 2 од истиот Закон, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4673/1 од 19.12.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-4661/18 од 22.12.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница, одржана на 21.12.2022 година, го донесе следното:

**Решение за**
**преземање мерка – јавна опомена**

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, заради тоа што за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Hayat", за кој нема регулирани авторски и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на РМ" бр.115/10, бр.51/11, бр.147/13, бр.154/15 и бр.27/16), што е спротивно на член 143 став 2 од ЗААВМУ.

Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4673/1 од 19.12.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да го реемитува програмскиот сервис без регулирани авторски и сродни права.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за преземање мерка – јавна опомена.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од ЗАВМУ или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од ЗАВМУ, Агенцијата е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од ЗАВМУ, Агенцијата на 19.12.2022 г., изврши вонреден програмски надзор на програмскиот сервис

реемитуван од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, при што констатираше дека наведениот оператор за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Hayat", за кој нема регулирани авторски и сродни права согласно Законот за авторското право и сродните права, што е спротивно на член 143 став 2 од ЗАВМУ. Констатациите од надзорот произлегоа по повод доставената Информација од „Hayat društvo za proizvodnju i emitovanje televizijskog programa d.o.o" (наш арх.бр.11-4651/1 од 16.12.2022 г.), кој ја извести Агенцијата дека наведениот оператор нема валиден договор за реемитување на нивните програмски сервиси (Прилог бр.2). Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4673/1 од 19.12.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 143 став 2 од истиот Закон и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-4673/1 од 19.12.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, наведено во точка 1 на ова решение, Советот на Агенцијата, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ, односно да престане да го реемитува програмскиот сервис без регулирани авторски и сродни права, согласно Законот за авторското право и сродните права.

По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по решението за преземање мерка - јавна опомена.

Согласно член 24 од ЗААВМУ, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

Прилози (2):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор (наш арх.бр.11-4673/1 од 19.12.2022 г) и
- Информација од „Hayat društvo za proizvodnju i emitovanje televizijskog programa d.o.o" (наш арх.бр.11-4651/1 од 16.12.2022 г.).

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

______________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;
- Управителот/одговорно лице на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево;
- Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува


АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ

| Примено / Pranuar: | 19.12.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlere |
| 11 | 4673 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: <u>вонреден</u>

2. Субјекти на надзорот: Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево

3. Датум на извршување на надзорот: 19.12.2022 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следниот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21):

4.1. член 143 став 2 – „Операторот може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права, согласно Законот за авторските права и сродните права".

5. Претходно изречени мерки: нема

6. Констатации од надзорот:

Со надзорот беше констатирано дека Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република С.Македонија, за своите корисници го реемитува програмскиот сервис „Hayat", за кој нема регулирани авторски права согласно Законот за авторското право и сродните права. Ваквата констатација произлезе од доставената информација од „Hayat drustvo za proizvodnju I emitovanje televiziskog programa d.o.o." (наш бр.11-4651/1 од 16.12.2022 година) кој ја информираше Агенцијата дека овој оператор нема валиден договор за реемитување на нивните програмски

сервиси. Тоа значи дека реемитувањето на погоре наведениот програмски сервис е спротивно на член 143 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот:

- да донесе решение со кое на операторот Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да престане да го реемитува програмскиот сервис без регулирани авторски и сродни права.
- да го информира Министерството за внатрешни работи – Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права

HAYAT
Hayat društvo za proizvodnju i emitovanje televizijskog programa d.o.o.
Jošanička 55., Vogošća
Sarajevo, Bosna i Hercegovina
Općinski sud u Sarajevu MBS:65-01-0387-14
TRN ADIKKO BANK broj 3060360000326066
TRN Privredna banka d.d. Sarajevo: 1011030000656726
www.hayat.ba

T: +387 33 492 943
F: +387 33 580 909
ID: 4200164420004

| Примено / Pranuar: | 16.12.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numër | Прилог / Shtese | Вредност / Vlera |
| 11 | 4651 | 1 | |

Number: A-6928-12/22
Date: December 15, 2022

**Agency for Audio and Audio-Visual Media Services of the Republic of Macedonia**
**Makedonija br. 38**
**1000 Skoplje**
**North Macedonia**

**Subject: Notification**

Dear Madam/Sir,

Hereby we would like to inform you about irregularities we have observed on your website. Namely, by analyzing your website, we noticed that our channels are on the channel list of certain operators which do not have the necessary permit to broadcast our channels.

Please find below the list of operators from your website which have our TV company's channels on the list, without permit:

- Gostivar – Multimedija network doeel: Hayat, Hayat Folk, Hayat Music,
- Kičevo – Kabel call: Hayat,
- Kriva Palanka – Transped trejd dooel: Hayat,
- Kumanovo – ip sistem: Hayat, Hayat Plus, Hayat Folk, Hayat Music,
- Tetovo – Tel net kom: Hayat,
- A1: Hayat,
- TRD Robi: Hayat Music, Hayat Folk, Hayat Plus.

We kindly ask you to check these statements, and verify whether the channels are being distributed illegally, and if so, take all the steps required by law to protect our rights. If the information on your website is incorrect, please update it as soon as possible in accordance with the promise you gave.

Thank you in advance.
Respectfully yours,

HAYAT d.o.o.
BIH, SARAJEVO
PRODAJA

Hayat d.o.o.
Elvir Švrakić, CEO